Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
НИКОБ МЕДИКАЛ - СКОПЈЕ
БР. 03-14/1
ОД 13.01. 2025 г.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03- 361/1
Датум: 13 -01- 2025

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуга - систематски здравствен преглед

Склучен помеѓу:
1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии во натамошниот текст: договорен орган и

2. Приватна здравствена установа - Поликлиника на примарно ниво НИКОБ МЕДИКАЛ Скопје, со седиште на бул. „Борис Трајковски" бр.62 Скопје, претставувано од Кирил Лазаров, управител во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на услуга - систематски здравствен преглед на вработените во Министерството за финансии, по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр.18526/2024.

Член 2

Систематскиот здравствен преглед што носителот на набавката треба да го изврши на лицата што се вработени кај договорниот орган согласно со Законот за безбедност и здравје при работа опфаќаат задолжителен здравствен преглед (Табела 1) и дополнителен здравствен преглед по избор на вработените (Табела 2):

| Табела 1 | |
|---|---|
| РБ | Систематски здравствен преглед (задолжителен преглед) |
| 1 | Стандарден минимум |

ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
НИКОВ МЕДИКАЛ - СКОПЈЕ
Бр. ____
____ 20__
СКОПЈЕ



| Табела 2 | |
|---|---|
| РБ | Дополнителен здравствен преглед (по избор на вработениот) |
| 1 | Ехо на абдомен |
| 2 | Ехо на гради |
| 3 | Ехо на тироидна жлезда |
| 4 | Ехо на простата |

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единичните цени за здравствените прегледи од член 2 на овој договор се следниве:

| РБ | Систематски здравствен преглед (задолжителен за вработениот) | количина | Единична цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Стандарден минимум | 1 | 800,00 |

| Табела 2 | | | |
|---|---|---|---|
| РБ | **Дополнителен здравствен преглед по избор на вработените** | количина | Единична цена без ДДВ |
| 1 | Ехо на абдомен | 1 | 0,00 |
| 2 | Ехо на гради | 1 | 0,00 |
| 3 | Ехо на тироидна жлезда | 1 | 0,00 |
| 4 | Ехо на простата | 1 | 0,00 |

Единичните цени се фиксни и непроменливи и ги опфаќаат сите трошоци што ги има носителот на набавката.

Член 4

Вкупната максимална вредност на договорот, изнесува 1.180.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

За систематските здравствени прегледи не се пресметува данок на додадена вредност согласно со Законот за додадена вредност.

Договорниот орган нема обврска да го реализира целиот износ од став 1 на овој член.

## IV. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Сите здравствени прегледи и испитувања од член 2 на овој договор ќе се извршат со едно доаѓање на работникот во здравствената станица од став 2 на овој член.

Член 6

Систематскиот здравствен преглед за вработените во Министерството за финансии ќе се изврши во понудената здравствена станица на адреса: бул. „Борис Трајковски" бр.62 Скопје.

Систематскиот здравствен преглед за вработените во Министерството за финансии ќе се изврши во временски период од 3 (три) месеци сметано од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни.

## V. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Договорниот орган нема обврска да ги реализира сите предвидени здравствени прегледи при што плаќањето ќе се врши врз основа на доставена фактура со која ќе се фактурираат единствено извршените здравствени прегледи, а според единичните цени за секој здравствен преглед.

Во фактурата треба да има податок за вкупниот број на извршени прегледи по видови здравствени прегледи, единични цени и вкупна цена, а во прилог список на вработените на кои им се извршени здравствените прегледи содржани во фактурата.

Носителот на набавката може да фактурира само за извршени прегледи на вработените и за кои има завршен извештај и оцена за работоспособноста.

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето за извршените прегледи во рок од 30 (триесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата во својата писарница.

Доколку фактурата што е доставена за плаќање не ги содржи сите барани податоци и документи, договорниот орган ќе му ја врати на носителот на набавката на дооформување или докомплетирање.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката се обврзува дека систематскиот здравствен преглед ќе го извршува според светските здравствени стандарди за квалитет,

односно дека ќе бидат во согласност со квалитетот, стандардите и другите податоци наведени во понудата.

Член 9

Носителот на набавката е должен услугата предмет на овој договор да ја врши совесно, навремено и квалитетно и според упатствата за лекарска етика.

Член 10

Носителот на набавката е должен, врз основа на извршените лекарски прегледи, за секој вработен да издаде извештај и завршно мислење и оцена за работоспособноста.

Извештајот се пополнува од страна на докторот специјалист по медицина на трудот во три примерока, од кои од страна на овластената здравствена установа по еден примерок се доставува до работодавачот и вработениот, најдоцна 15 (петнаесет) дена од денот на извршениот здравствен преглед.

Извештајот и завршното мислење со оцена за работоспособноста за сите вработени што извршиле систематски прегледи, носителот на набавката е должен да ги достави до договорниот орган.

Член 11

Носителот на набавката е должен на секој вработен што извршил систематски преглед, резултатите од извршените прегледи да му ги предаде лично без можност друго лице да има пристап до нив.

Член 12

Носителот на набавката се обврзува дека ќе определи термини во кои ќе ги прима вработените на договорниот орган така што секој вработен со едно доаѓање во здравствената станица да ги заврши сите прегледи и испитувања од член 2 на овој договор. Здравствените прегледи ќе се извршат врз основа на дневни распореди што заеднички ќе ги договорат договорниот орган и носителот на набавката. Во случај на спреченост одделни вработени лица да ги извршат прегледите во определените термини, треба да им се овозможи прегледите да ги извршат дополнително во други термини но во рамките на важењето на договорот.

Член 13

Динамиката на прегледи е 30-40 луѓе дневно или 150-200 луѓе неделно во зависност од видот на прегледите.

Член 14

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност и нема да ги направи достапни за трети лица податоците што произлегуваат од дадената услуга.

VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 15

Договорниот орган се обврзува по потпишувањето на договорот да достави до носителот на набавката список на вработените во Министерството за финансии што треба да извршат систематски преглед со распоред на вработените за систематските прегледи според динамиката од член 13 на овој договор.

Член 16

Договорниот орган ќе определи лица кои ќе го следат извршувањето на утврдениот динамичен план од двете договорни страни и за истите треба да го извести носителот на набавката.

VIII. ПОДИЗВЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ

Член 17

Делот од предметот на договорот за јавна набавка кој се однесува на лабораториските прегледи, носителот на набавката го отстапува на подизведувач и тоа ПЗУ Ординација по општа медицина и биохемиска лабораторија Анастазија Биомед од Прилеп, а согласно Договорот за деловно техничка соработка потпишан помеѓу носителот на набавката и подизведувачот.

Со оглед на тоа дека не е предвидено директно плаќање на подизведувачот, носителот на набавката е должен на барање на договорниот орган да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за извршените услуги, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

Носителот на набавката може за време на извршувањето на договорот за јавна набавка од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувач за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувач,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,

- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката е должен да достави барање до договорниот орган.

Барањето, носителот на набавката задолжително го доставува во писмена форма со наведување и обезбедување на сите потребни податоци и документи барани во потточка 5.2., 5.3. и 5.3.2. алинеја 1 од тендерската документација.

Договорниот орган го одобрува барањето на носителот на набавката согласно условите предвидени во Законот за јавните набавки.

Во случај на одбивање на барањето, договорниот орган го известува носителот на набавката во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.

## IX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 18

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

### Член 19

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 20

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен, дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

X. ВИША СИЛА

Член 21

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

XI.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорени страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 23

За сé што не е предвидено со овој договор се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 24

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 25

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 26

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| --- | --- |
| Република Северна Македонија | Приватна здравствена установа |
| Министерство за финансии | Поликлиника на примарно ниво |
| | НИКОБ МЕДИКАЛ |
| Скопје | Скопје |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Кирил Лазаров |
| Министер за финансии | Управител |

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Согласен: Андриана Матлиоска